**Cineplexx Skopje City Mall**
Љубљанска 4, 1000 Скопје
www.cineplexx.mk

Соопштение за медиуми
Датум: 05.03.2015

# БЕЗВРЕМЕНСКАТА ПРИКАЗНА НА ВИЛИЈАМ ШЕКСПИР „РОМЕО И ЈУЛИЈА“ НА ДЕНОТ НА ЖЕНАТА НИ ПРИСТИГНУВА ВО CINEPLEXX

**Шекспировата најпозната бајка за љубовта и трагедијата, одиграна од најдобрите танчери на Бољшој, базирана на прекрасните ноти на Прокофјев. Не го пропуштајте ова грандиозно шоу!**

По повод денот на жената, на 08 март (недела) со почеток во 16:00ч ќе биде прикажана прекрасната љубовна приказна, дел од сезоната 2014/15 на Бољшој. Љубителите на балетот ќе можат да ја погледнат снимката на „Ромео и Јулија“ во киното Cineplexx.

## РОМЕО И ЈУЛИЈА

08 МАРТ, 16:00 ЧАСОТ
(Снимка)
**Траење**: 135 мин
**Музика**: Сергеј Прокофјев
**Кореографија**: Јуриј Григорович



Во Верона, ривалството меѓу Капулети и Монтеки носи крвопролевање во градот. Кога Капулети организира маскембал во чест на нивната ќерка Јулија, Ромео Монтеки и неговиот пријател Меркуцио присуствуваат инкогнито, поради омразата што ги разделува двете фамилии. Ромео и Јулија лудо се заљубуваат еден во друг и се вознемирени кога ќе сфатат дека припаѓаат на ривалските семејства.

Безвременската приказна на Вилијам Шекспир, напишана во 1595, е донесена на сцена преку воодушевувачката кореографија и сеопшто обожаваниот успех на Сергеј Прокофјев. Со нејзините познати мелодии, ритмичка разновидност и универзална тема, оваа приказна на невозможниот пар, останува еден од најпопуларните балети во светот на сите времиња. Ѕвездените настапи на Александар Волчков и Ана Никулина го осветлуваат ова ремек дело, што ја прави бесмртната приказна за љубовниците од Верона незаборавно искуство.





Повеќе информации за Бољшој сезоната можете да најдете на следниов линк: http://bit.ly/ZHjsFs

Трејлер од балетот: http://bit.ly/1FcW9CG